# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 2 Јуни 2006 година<br>Службен гласник број 6<br>Овој примерок чини 50 ден.<br>Годишна претплата 2000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТАНА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА (РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ ОД МАЛ ОБЕМ).**

1. Измените и дополнувањата на на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година (Ребаланс на Буџетот од мал обем)., се објавуваат во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1106/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
02.06.2006 година — на Општина Прилеп
Прилеп — Марјан Ристески

Врз основа на чл.36 ст.1 т.2 од Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.5/2002) и чл.26 ст.1 т.2 од Статутот на Општина Прилеп (Сл.Гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005) , Советот на Општина Прилеп , на седницата одржана на 01.06.2006 година ги донесе следните :

**Измени и дополнувања на Буџетот на ЕЛС-Општина Прилеп за 2006 година (Ребаланс на Буџетот од мал обем)**

чл.1

Во Билансот на Расходите во делот на Основниот Буџет на ЕЛС-Општина Прилеп за 2006 г. , во Програма Д-Градоначалник - во подпрограма ДО-Градоначалник се вршат следните измени :

- Се брише **Категорија 44-Тековни трансфери** до ЕЛС во проектираниот износ од 1.900.000,оо денари

- Се брише **Ставка 442-Наменски дотации** во проектиран износ од 1.900.000,оо денари.

- Се бришат следните **Подставки** :

**Подставка 442 110-Издавачка дејност** во проектиран износ од 300.000,оо денари и со ребалансот изнесува 0,оо денари.

**Подставка 442 160-Ликовно творештво и галериска дејност** во проектиран износ од 100.000,оо денари и со ребалансот изнесува 0,оо денари.

**Подставка 442 170-Културно уметнички манифестации** во проектиран износ од 1.500.000,оо денари и со ребалансот изнесува 0,оо денари.

**Категоријата 46-Субвенции и трансфери** во проектиран износ од 1.900.000,оо денари се зголемува со Ребалансот за 1.900.000,оо денари и со Ребалансот изнесува вкупно 3.800.000, денари.

**Ставката 464-Разни трансфери** во проектиран износ од 200.000,оо денари со

Ребалансот се зголемува за 1.900.000,оо денари и со Ребалансот изнесува вкупно 2.100.000,оо денари.

Се отвара **нова Подставка 464 990-Други трансфери** на која со овој Ребаланс се проектираат средства во износ од 1.900.000,оо денари.

чл.2

Измените и дополнувањата на Буџетот на ЕЛС-Општина Прилеп за 2006 г. влегуваа во сила со денот на објавувањето во -Службен Гласник на Општина Прилеп.

Број 07 - 1100/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.06.2006 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСТАТА И УСЛОВИТЕ ЗА ИСТАКНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИ ПЛАКАТИ**

1. Одлуката за определување на местата и условите за истакнување на изборни плакати, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1106/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.06.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 78 став 1 и 3 од Изборниот законик ("Службен весник на РМ" 40/2006), член 26 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 01.06. 2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за определување на местата и условите за истакнување на изборни плакати

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат местата и условите за истакнување на изборни плакати.

Член 2

Како место на кое ќе се истакнуваат изборни плакати, без надоместок, се определува:

- Плоштадот "Методија Андонов - Ченто".

Член 3

На ова место можат да истакнуваат плакати сите подносители на листи.

Член 4

Подносителите на листите ќе ги истакнуваат изборните плакати на простор определен за нив, од страна на Одделението за комунално уредување на Општина Прилеп.

Член 5

Општината гарантира еднакви услови за сите организатори на изборната кампања при истакнување на плакатите.

Член 6

Како дополнителни места за истакнување на изборни плакати со надоместок, се определуваат:

1. На ул."Моша Пијаде" наспроти "Стара болница",
2. На крстосницата на ул."Моша Пијаде" и ул."Борка Талески"-во паркот пред Театарот,
3. На пресекот на ул."11-ти Октомври" и ул."Борис Кидриќ" – во паркот кај станбената зграда,
4. На ул."Марксова"- во паркот пред уредот,
5. На ул."Марксова"- во паркот пред Универзална сала,
6. На ул."Орде Чопела" во Варош - во просторот кон споменикот,
7. На ул."Војводинска" – во населба "Точила"- во паркот пред деловните објекти,
8. На крстосницата на Булевар "Маршал Тито" пред Противпожарен дом,
9. На крстосницата на ул."Јоска Јорданоски" и Кеј "4-ти Јули",
10. На ул."Димо Наредникот" пред станбените згради А1 кон ресторанот "Ерик".

Член 7

Редоследот на просторниот распоред на изборните плакати за секое определено место, ќе се изврши со ждрепка во присуство на подносителите на листите и претставник на Општина Прилеп.

Член 8

Висината на надоместокот за просторот за истакнување на изборни плакати на дополнителните места, изнесува 6.000 денари.

Средствата се уплаќаат на уплатна сметка број 840 -156 - 03252, приходно конто 717132 на име-Комунална такса за истакнување објави на јавни места-корисник Општина Прилеп.

Средствата ќе се користат за отстранување на плакатите по завршување на изборите.

Член 9

Забрането е уништување на изборни плакати или лепење на плакати преку други плакати на други организатори на изборна кампања.

Член 10

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот прилог, изготвен од Одделението за комунално уредување на Општина Прилеп.

Член 11

Со влегувањето во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за определување на местата и условите за истакнување на изборни плакати број 07-1620/4 од 10.07.2002 година ("Службен гласник на општина Прилеп" 7/2002).

Број 07 – 110/3
01.06.2006 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Прилеп
Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИчКИ ПЛАН ЗА УАЕ Бр. 9, УРБАН БЛОК 9/2, КВАРТ 1 И КВАРТ 2 ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 9, урбан блок 9/2, кварт 1 и кварт 2 во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1106/3
02.06.2006 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 01.06.2006 донесе:

**О Д Л У К А**
за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ бр.9, урбан блок 9/2, кварт 1 и кварт 2 во Прилеп

Чл.1

Се донесува Детален урбанистички план за УАЕ бр.9,урбан блок 9/2,кварт 1 и кварт 2 во Прилеп,(во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

Планот го опфаќа локалитетот:на север граница по осовина на Бул."Маршал Тито", на запад по осовина на ул."Димо Наредникот",на исток по осовина на ул."Борка Талески", на југ граница по осовина на Оревоечка река, во површина од 14,95 ха.

Чл.2

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

-Извод од Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Прилеп бр.07-117/3 од 30.01.2004 г.("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.1/2004).

-Предлог План бр.76/2004 од Јануари 2006 -ДОО"Ин-Пума"Скопје.

-Стручна ревизија на Нацрт Планот изготвена од "Инженерина Простор"Куманово бр.37/04.

-Одговор на стручната ревизија од ДОО"Ин Пума"Скопје бр.76/04 од Јуни 2004г.;

-Стручно мислење од Министерството за транспорт и врски –Сектор за уредување на просторот бр.13-7939 од 21.07.2004г.

-Записник за утврдување на Нацрт планот бр.24-732/10 од 01.12.2004г; и Записник бр.24-732/9 од 13.11.2004г;

-Заклучок со кој Нацрт планот се доставува до Градоначалникот, бр.24-732/11 од 01.12.2004г;

-Одлука за организирање на јавна анкета по Нацрт Планот, бр.08-1603/1 од 01.12.2004г.

-Соопштение за јавна анкета бр.24-732/12 од 01.12.2004г.,објавено во печатен медиум "Весник" на ден 07.12.2004г;

-Записник од стручна консултација бр.24-732/14 од 30.12.2004г;

-Извештај од спроведена јавна анкета по Нацрт Планот бр.09-331/1 од 23.02.2006г;
-Известување за постапување по извештајот бр.09-331/2 од 23.02.2006г;
-Согласност од Министерството за транспорт и врски бр.18-4301 од 27.03.2006г.

Комплетниот примерок од Предлог Планот бр.76/2004 изработен од ДОО ”Урбанизам”Битола, содржи:

**Општ дел**

-Регистрација на проектанската организација;

-Овластување за изработување на урбанистички планови

-Решение за назначување на планери

-Лиценци за носители на изработување на урбанистички планови (2)

**Текстуален дел**

1.Планиран развој

2.Табеларен биланс на површини за градба

3.Параметри за уредување на просторот

**Графички дел-планиран развој**

1.Синтезен приказ со табели

2.Синтезен приказ-инфратруктура М=1:1000

**Документациона основа**

1.Анализа на постојна состојба

**Графички дел-документациона основа**

1.Извод од ГУП М=1:5000

2Извод од ДУП М=1:1000

3.Намена и инвентаризација на објекти и инфраструктура М=1:1000

Чл.3

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

Чл.4

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење, како подлоги за издавање на нумерички податоци.

Чл.5

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

Чл.6

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Чл.7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Прилеп”.

Број 07 - 1100/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.06.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ НА НЕДВИЖНИОТ ИМОТ ПРИ ПРОМЕТОТ**

1. Решението за разрешување и именување член на Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот при прометот, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1106/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.06.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр. 61/2004) и член 26 став 1 точка 39 и член 35 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласни на Општина Прилеп" бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 01.06.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за разрешување и именување член на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот

1. Со ова Решение НИКОЛА ЈОРДАНОСКИ се разрешува од член на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот, именуван со Решение ("Службен гласник на Општина Прилеп" 1/2006).

2. За член на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот, се именува:

- ГАЛЕВ ЖИВКО, дипл. економист ул."Андон Слабејков" бр. 15.

3. Решението да се достави до именованите, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1100/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.06.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА ОДБОРОТ ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО -ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП**

1. Решението за разрешување и именување член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1106/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.06.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 01.06.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување член на Одборот за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Водовод и канализација" - П р и л е п**

1. Со ова Решение ФАНКА РИСТЕСКА се разрешува од член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, именувана со Решение ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 9/2005).

2. За член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп", се именува:

- ВЕЛКОСКИ ВЛАДИМИР, дипл. економист (тел. 075/433-305).

3. Решението да се достави до именованите, ЈКП "Водовод и канализација", Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 -1100/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.06.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на

Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА ЈКП "ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА" - ПРИЛЕП**

1. Решението за давање согласност на Статутарната Одлука за измена на Статутот на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1106/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.06.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 43 точка 3 од Законот за јавни претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96), член 36 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 01.06.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Статутарната Одлука за измена на Статутот на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп

1. Се дава согласност на Статутарната Одлука за измена на Статутот на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, број 02 - 249/1-2 од 24.05.2006 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1100/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.06.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ОБВРСКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ЗА ВОДА И ИЗНЕСУВАЊЕ НА СМЕТ НА СЕМЕЈСТВАТА СО ИНВАЛИДИЗИРАНИ ЛИЦА СО 100% ИНВАЛИДИТЕТ**

1. Одлуката за ослободување од обврската за плаќање надоместок за вода и изнесување на смет на семејствата со инвалидизирани лица со 100% инвалидитет, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1106/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.06.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ( "Службен Весник на РМ" бр. 5/2002 год.) и член 24 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 год.) Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 01.06.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за ослободување од обврската за плаќање надоместок за вода и изнесување на смет на семејствата со инвалидизирани лица со 100% инвалидитет

**Член 1**
Со оваа Одлука се ослободуваат од обврската за плаќање надоместок за вода и изнесување на смет семејствата со инвалидизирани лица со 100% инвалидитет.

**Член 2**
Управните одбори на ЈКП "Водовод и канализација"- Прилеп и ЈКП "Комуналец" - Прилеп, со свои одлуки поблиску ќе ги определат условите, начинот и постапката за ослободување од обврската за плаќање на надоместок за вода и изнесување на смет на семејствата со инвалидизирани лица со 100% инвалидитет.

**Член 3**
Одлуката да се достави до Градоначалникот на Општина Прилеп, ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп, ЈКП "Комуналец" - Прилеп и архивата на Општина Прилеп.

**Член 4**
Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во " Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1100/8_ ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.06.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП СО ГРАДОТ ТОПОЛЧАНИ - РЕПУБЛИКА СЛОВАЧКА**

1. Одлуката за збратимување на Општина Прилеп со градот Тополчани - Република Словачка, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 1106/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.06.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 алинеа 15, а во врска со член 14 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 47, а во врска со член жж став 1 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003) , Советот на Општина
Прилеп на седаницата, одржана на 01.06.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за збратимување на Општина Прилеп со градот Тополчани - Република Словачка

Член 1

Со оваа Одлука Општина Прилеп се збратимува со градот Тополчани - Република Словачка..

Член 2

За спроведување на активностите за збратимување, Градоначалникот ќе формира Иницијативен одбор.

Член 3

Задача на Иницијативниот одбор ќе биде да стапи во контакт со Амбасадата на Република Словачка во Република Македонија, Министерството за надворешни работи на РМ и Министерството за Локална самоуправа со цел да се согледаат можностите и да се превземат потребните активности за збратимување на Општина Прилеп со градот Тополчани - Република Словачка со цел унапредување на економските, културните, спортските и други односи помеѓу граѓаните на двете републики.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 1100/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
01.06.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Оливер Деркоски

*С О Д Р Ж И Н А*

*на "Службен гласник на Општина Прилеп" број 6 од 02.06.2006 година*

1. Измени и дополнувања на на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година (Ребаланс на Буџетот од мал обем)........................................................................**Стр. 1**

2. Одлука за определување на местата и условите за истакнување на изборни плакати. .......................................................................................................**Стр. 2**

3. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за УАЕ број 9, урбан блок 9/2, кварт 1 и кварт 2 во Прилеп. ...........................................................................**Стр. 3**

4. Решение за разрешување и именување член на Комисијата за утврдување на пазарна вредност на недвижниот имот при прометот..................................................**Стр. 5**

5. Решение за разрешување и именување член на Одборот за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп.... **Стр.5**

6. Решение за давање согласност на Статутарната - Одлука за измена на Статутот на ЈКП "Водовод и канализација" - Прилеп. ..........................................................**Стр. 6**

7.Одлука за ослободување од обврската за плаќање надоместок за вода и изнесување на смет на семејствата со инвалидизирани лица со 100% инвалидитет... ...............................................................................................................................**Стр. 6**

8. Одлука за збратимување на Општина Прилеп со градот Тополчани - Република Словачка .............................................................................................**Стр. 7**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.